Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија"бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16, 64/18 и 35/19) и член 20 точка 1 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта на седницата одржана на ден 29.08.2019 година донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-9336/6
29. 08 2019 год.
СКОПЈЕ

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## Член 1

Во Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта бр.02-211/4 од 11.1.2013 година, бр.02-227/11 од 04.2.2015 година, бр.02-2397/9 од 12.3.2015 година, бр.02 - 2684/6 од 14.3.2016 година и бр.02-11882/11 од 8.11.2018, членот 3 се менува и гласи:

"Фирмата на јавното претпријатие е името под кое јавното претпријатие работи и учествува во јавниот промет.

Јавното претпријатие ќе работи и ќе учествува во правниот промет под името "Јавно претпријатие за државни патишта".

Називот на јавното претпријатие на албански јазик е "Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore".

Јавното претпријатие ќе учествува во меѓународниот промет под името "Public Enterprise for State Roads".

Скратениот назив на јавното претпријатие е "ЈП за државни патишта".

Скратениот назив на јавното претпријатие на албански јазик е "NP për Rrugë Shtetërore".

Скратениот назив на јавното претпријатие во меѓународниот промет е "PE for State Roads".

## Член 2

Во членот 5 ставот 2 се менува и гласи

"Печатот на претпријатието има облик на круг, со пречник од 40 мм, во средината е претставен грбот на Република Северна Македонија и во концентрични кругови е испишан називот на јавното претпријатие."

Ставот 5 се менува и гласи:

"Називот на јавното претпријатие на печатот и штембилите од ставовите (2), (3) и (4) на овој член гласи: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЈАВНО

ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА и REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT - NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE".

Член 3

Членот 10 се менува и гласи:

"Шифра на дејност на претпријатието е 42.11 – изградба на патишта и автопати".

Член 4

Во членот 12 став 1 во алинејата 1 зборовите " за наплата на патарина" се бришат.

Член 5

Во членот 20 во точката 9 по зборот "директорот" се додаваат зборовите "и заменик на директорот".

Во точката 22 по зборот "директорот" се додаваат зборовите "и заменик на директорот".

Член 6

Членот 23 се менува и гласи:

"Со работата на јавното претпријатие раководи директор кој има заменик што го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие во негово отсуство, кои ги избира односно разрешува управниот одбор.
За директор и за заменик на директор може да биде избрано лице кое ги исполнува условите од член 23 од Законот за јавните претпријатија.
Директорот и заменик на директорот се избираат со мандат од четири години."

Член 7

Во членот 24 ставот 1 се менува и гласи:

"Управниот одбор три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор. Управниот одбор три месеци пред истекот на мандатот на постојниот заменик на директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на заменик директор."
Во ставот 2, по зборот "директор" се додаваат зборовите "или заменик на директорот" и по зборот "Република" се додава зборот "Северна".

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

"Во објавениот јавен конкурс од ставовите 1 и 2 на овој член се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор и заменик на директор на јавното претпријатие, потребната документација и времетраењето на конкурсот."

Член 8

Во членот 25 во ставот 2 по зборот "Директор" се додаваат зборовите " и заменик на директорот"

По ставот 4 се додава нов став 5 кој гласи:

"Заменик на директорот на кој не му е истечен мандатот, до именување на директор по распишан конкурс но не подолго од шест месеци ја врши должноста директор."

Член 9

Членот 26 се брише.

Член 10

Во членот 28 во ставот 1 по зборот "директорот" се додаваат зборовите "и заменик на директорот".

Член 11

Во членот 29 по зборот "директорот" се додаваат зборовите "и заменик на директорот".

Член 12

Во членот 30 во ставот 1 по зборот "директорот" се додаваат зборовите "и заменик на директорот".

Во ставот 2 по зборот "директорот" се додаваат зборовите "и заменик на директорот".

Ставот 3 се менува и гласи:

"Во јавното претпријатие заменик на директорот на кој не му е истечен мандатот, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци ја врши должноста директор"

Член 13

Во членот 33 во ставот 1 по зборот "директорот" се додаваат зборовите "и заменик на директорот".

Во ставот 4 по зборот "директорот" се додаваат зборовите "и заменик на директорот".

Член 14

Оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Јавното претпријатие за државни патишта, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Управен одбор

Претседател

Љупка Цикарска

Објавено на огласна табла на ден 10.10.2019